Барање:

- Документ за организациска структура и поставеност на Одбранбена/воена дипломатија на Република Северна Македонија во Министерството за одбрана, како и мрежата на воени претставници во воено-дипломатските преставништва на земјата во НАТО и во другите земји.
- Да се објасни системот за спроведување на селекција и избор на персонал за извршување на воено дипломатските должности.
- Стратегија за одбранбено воена дипломатија на РС Македонија
- Човечки ресурси и квалитет на усовршување и обука на воено дипломатските претставници.

**Одговор:**

-Документ за организациска структура и поставеност на Одбранбена воена дипломатија на Република Северна Македонија во Министерството за одбрана, како и мрежата на воени претставници во воено-дипломатските претставништва на земјата во НАТО и во другите земји?

Во однос на Вашето прашање Министерството за одбрана ве известува дека Документот за организациска структура и поставеност меѓу останатото и на Одбранбената воена диплолматија на Република Северна Македонија утврдена со Правилникот за систематизација на работни места претставува класифицирана информација, поради што не може да се отстапи како информација од јавен карактер.

Процедурата за начинот и изборот на лица за упатување на меѓународна должност е регулирано со регулатива која е јавно достапна и е објавена на веб страната на Министерството за одбрана. Линк

https://mod.gov.mk/inc/uploads/2021/03/Pravilnik-za-nacinot-na-izbor-i-podgotovka-na-voen-i-civ-personal-na-Armijata-i-vrabotenite-vo-MO-za-upatuvanje-na-dolznosti-11.03.2021-.pdf

https://mod.gov.mk/storage/2023/02/Pravilnik-za-ID-za-nacin-na-izbor-i-podgovotvka-na-personal-za-upatuvanje-01-4604-1-od-05.07.2021.pdf

https://mod.gov.mk/inc/uploads/2022/02/Pravilnik-za-ID-na-P-za-nacin-na-izbor-i-podgotovka-za-voen-i-civilen-persolan-vo-ARSM-i-MO-za-upatuvanje-na-dolznosti-01-1171-1-od-16.02.2022.pdf

https://mod.gov.mk/storage/2023/02/Pravilnik-za-ID-za-nacin-na-izbor-i-podgovotvka-na-personal-za-upatuvanje-01-733-1-od-14.02.2023.pdf

Меѓународната  одбранбена соработка и одбранбената дипломатија се опишани во Стратегискиот одбранбен преглед и Стратегијата за одбрана на Република

Северна Македонија. Истите се објавени на веб страната на Министерството за одбрана. Линк

https://mod.gov.mk/inc/uploads/2021/06/%D0%A1%D0%9E%D0%9F-%D0%BC%D0%BA%D0%B4-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-05-07-2018.pdf

https://mod.gov.mk/inc/uploads/2021/06/Strategija-za-odbrana-na-RMakedonija.pdf

https://mod.gov.mk/inc/uploads/2021/06/SLU@BEN_VESNIK_NA_RSM_br._75_od_24.03.2020.pdf

Избраните и упатени лица на меѓународна должност, треба да исполнуваат општи и посебни услови за конкретна должност, наведени во Интерниот оглас за истата. Дополнително зависно од бараното и потребата на службата односно должноста, треба да поседуваат конкретно работно искуство, стручни вештини, курсеви и обука, познавање на странски јазици, поседување на баран степен на НАТО безбедносен сертификат итн, согласно искажаните потреби за водење во кариера како и потребите произлезени со членството во НАТО.

**Одговорот за бројот на вработени во С-СВБиР претставува класифицирана информација, поради што не може да Ви ја отстапиме како информација од јавен карактер.**

1. Во врска со првото прашање ве известуваме дека бараните податоци за бројна состојба на Армијата се класифицирани податоци со степен на класификација „Интерно“.
2. Повеќето информации кои се поврзани со самата мисија и начинот на извршување на задачите се класифицирани со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО“ со што нивното објавување е ограничено.
3.
4. согласно Законот за класифицирани информации податоците за мисии, задачи, сили, капацитети и времетраење на ангажирање на Армијата, содржат одреден степен на класификација и не преставуваат информации од јавен карактер.